**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

---

**З А П И С Н И К**
**од одржаната 5. седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија**

Петтата седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија се одржа на 8 мај 2026 година, во Канцеларијата за млади во Гевгелија, со почеток во 10:30 часот.

На седницата присуствуваа членовите: Валентина Ангелова, Благица Ступар, Анастасија Шопова, Ангел Аевски и Кристијан Алчинов.

Претседателката Валентина Ангелова ја отвори седницата и констатира дека се исполнети условите за полноважно работење и одлучување.

За работа на седницата беше предложен и едногласно усвоен следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д:**

1. Избор на записничар и двајца оверувачи;
2. Усвојување на Записникот од четвртата седница на ЛМС на ОГ;
3. Информација за тековна подготовка на проектот „Youth Wave 2026“;
4. Усвојување на план за промоција и видливост на настаните организирани од Локалните младински совети;
5. Информација за потпишување договор за соработка помеѓу Општина Гевгелија, Локалниот младински совет и ИМИКА ДООЕЛ во рамки на проектот „Youth Wave 2026“;
6. Разгледување на логистички, технички и организациски подготовки за настанот;
7. Разно.

По првата точка од дневниот ред, за записничар беше избрана Благица Ступар, а за оверувачи на записникот беа избрани Ангел Аевски и Кристијан Алчинов.

По втората точка од дневниот ред, членовите на Локалниот младински совет го разгледаа Записникот од четвртата седница и истиот беше едногласно усвоен без забелешки.

По третата точка од дневниот ред, претседателката Валентина Ангелова ги информираше членовите за тековните активности поврзани со подготовката на проектот „Youth Wave 2026“. Беше истакнато дека согласно претходно утврдената временска рамка се реализирани повеќе подготвителни активности, остварена е комуникација со предавачи, обучувачи и партнери, како и дека е во завршна фаза подготовката на програмските и промотивните содржини.

Во рамките на информацијата беше нагласено дека интересот кај младите за учество во проектот е значителен и дека сите активности се одвиваат согласно планираната динамика.

По четвртата точка од дневниот ред, членовите на Локалниот младински совет го разгледаа предлог-планот за промоција и видливост на настаните организирани во рамки на проектот „Youth Wave 2026“. Во текот на расправата беа разгледани

активностите за медиумска промоција, информирање на јавноста и обезбедување соодветна видливост на проектот согласно правилата и насоките на донаторот.

Беше истакнато дека сите промотивни и информативни материјали поврзани со проектот задолжително треба да ги содржат логото на Европската Унија и ознаката „EU with You“, во согласност со правилата за комуникација и видливост на проектите поддржани од Европската Унија.

Членовите заклучија дека секоја подготвителна активност од областа на промоцијата и видливоста претходно ќе биде доставувана до ИМИКА ДООЕЛ за разгледување и одобрување. Ова се однесува на дизајнот и продукцијата на сите печатени и дигитални промотивни материјали, вклучително и летоци, постери, банери, покани, информативни и рекламни содржини, како и на сите објави, постови, фотографии, видеа и други содржини што ќе бидат објавувани на социјалните медиуми и другите комуникациски канали во рамки на проектот.

Дополнително, беше нагласено дека навремената координација со ИМИКА ДООЕЛ ќе придонесе за усогласеност на сите промотивни активности со проектните стандарди и ќе обезбеди единствен и препознатлив визуелен идентитет на проектот.

По спроведената дискусија, Локалниот младински совет едногласно го усвои Планот за промоција и видливост на настаните организирани во рамки на проектот „Youth Wave 2026“ СО заклучок да се достави до ИМИКА..

По петтата точка од дневниот ред, претседателката ги запозна членовите со содржината на Договорот за соработка помеѓу Општина Гевгелија, Локалниот младински совет и ИМИКА ДООЕЛ, кој се склучува заради обезбедување партнерска поддршка во организацијата и реализацијата на проектот „Youth Wave 2026“. По разгледувањето на договорот, членовите дадоа согласност за негово потпишување.

По шестата точка од дневниот ред, беше разгледана состојбата со логистичките, техничките и организациските подготовки за реализација на проектот. Се дискутираше за потребната техничка опрема, уредувањето на просторот, координацијата со учесниците и волонтерите, промотивните активности и распределбата на конкретни задачи меѓу членовите на Советот.

Беше заклучено сите предвидени активности да продолжат согласно оперативниот план, со цел навремена и успешна реализација на проектот.

Бидејќи немаше дискусии по точка разно, дневниот ред беше исцрпен и претседателката ја затвори седницата.

19-290/9
04.06.2026 г.
Гевгелија

**Претседател**
**на ЛМС на ОГ,**

Валентина Ангелова
с.р.

Записничар,
Благица Ступар, с.р.

Оверувачи на Записникот,
1. Ангел Аевски, с.р.
2. Кристијан Алчинов, с.р.